**4458.**

Врз основа на член 18 став 3 од Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ДИЈАСПОРАТА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, утврдени во Раздел 040.01 -Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 14 – Иселеништво, ставка 464- разни трансфери, наменети за финансирање на проекти од областа на дијаспората, во вкупен износ од 6.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмски активности на здруженија, правни и физички лица со следниве приоритетни цели

| | Опис на приоритет | Вкупен износ во денари |
|---|---|---|
| | Грижа за дијаспората во соседството и во светот<br>Продлабочување на културната соработка помеѓу Република Северна Македонија и дијаспората;<br>Промоција на мајчиниот јазик, традиција и култура;<br>Постоењето на пишани и електронски медиуми на мајчин јазик за потребите на граѓаните на Република Северна Македонија во дијаспората; | 6.000.000,00 |

3. За реализација на оваа програма се грижи Генералениот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Кабинетот на министерот задолжен за дијаспора.

4. Корисниците на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршување на своите програмски активности ќе достават извештај за користењето на средствата до Генералениот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Кабинетот на министерот задолжен за дијаспора најдоцна до 31 јануари 2021 година.

5. Генералениот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија -Кабинетот на министерот задолжен за дијаспора, ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 28 февруари 2021 година.

6. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9922/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**4459.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Потребните средства за реализација на Програмата се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и изнесуваат 140.314.000,00 денари од кои 78.100.000,00 на сметка 637, 60.000.000,00 денари на сметка 631 и 2.214.000,00 денари на сметка 787 и истите се планирани во Буџетот на раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот категорија 42 - стоки и услуги, 46 - субвенции и трансфери и 48 - капитални расходи.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на оваа програма се наменети за промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка и активности за поддршка на туризмот и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменуваат вкупно 34.000.000,00 денари и тоа за:

1. Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми во Истанбул, Мадрид, Љубљана, Софија, Белград, Берлин, Загреб, Тирана, Букурешт, Приштина, Сингапур, Римини, Лондон, Варшава, Измир, Дубаи Експо 2020, Скопје и други, како и учество

и организација на меѓународни, регионални и локални инвестициски и други семинари, конференции, самити и форуми од областа на туризмот во странство и во Скопје и други градови, согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Северна Македонија.

се наменуваат 16.250.000,00 денари.

2. Организирање на промотивни кампањи кои ќе се водат во Србија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Полска, Германија, Романија, Шведска, Италија, Израел, Турција, Република Северна Македонија и други. Промотивните кампањи ќе содржат:

- Аутдор кампањи (билборди, подвижни и неподвижни реклами),
- Реклами во печатени медиуми,
- Електронска промоција,
- Промовирање преку блогери и
- Промовирање преку влогери

се наменуваат 13.000.000,00 денари.

3. Продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција на промотивен материјал (брошури, водичи, флаери, мапи, бизнис картички и слично)

се наменуваат 1.000.000,00 денари.

4. Продукција на видео материјал за Република Северна Македонија како туристичка дестинација и продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција за нова комплементарна туристичка брошура,

се наменуваат 600.000,00 денари.

5. Изработка на ситен промотивен материјал (пенкала, чаши, USB, беџови, тефтери и друго) за промотивни туристички цели со цел промоција на Република Северна Македонија како туристичка дестинација,

се наменуваат 1.000.000,00 денари,

6. Продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција на водич „Слободни патувачи“,

се наменуваат 600.000,00 денари.

7. Продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција на фото брошура. Фото брошурата ќе биде една од главните промотивни алатки на Северна Македонија на социјалните медиуми, односно под одреден специфичен и карактеристичен хаштаг кој ќе биде активен на Инстаграм. Тематските фотографии ќе прикажуваат различни перспективи на нашата земја, природни убавини, културни и традиционални настани и манифестации, луѓе, историја се она што и дава оргинален и безвремен карактер на Северна Македонија,

се наменуваат 100.000,00 денари.

8. Продукција на 360 виртуелни тури за туристички дестинации во Република Северна Македонија,

се наменуваат 500.000,00 денари.

9. Редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал на веб страната Macedonia-Timeless, како и хостинг поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk,

се наменуваат 450.000,00 денари.

10. Организација на информативни патувања во Република Северна Македонија за блогери, влогери, инфлуенсери, туроператори, медиуми, новинари и други, чија цел е запознавање со туристичките потенцијали на нашата земја и промоција на туристичките дестинации и производи со цел постигнување на одредено ниво на препознатливост и конкурентност на македонскиот туристички производ,

се наменуваат 500.000,00 денари

б) За активности за поддршка на туризмот се наменуваат вкупно 12.260.000,00 денари и тоа за:

1. Проект за изработка на „Водич за Виа Егнатиа“, кој ќе содржи податоци, информации, слики и текст за овој значаен римски трговски пат, кој проаѓа и низ нашата држава. Водичот ќе биде изработен и испечатен на македонски, албански и англиски јазик.

2. Проект „Означување на локалитетите за спортско качување на Кадина река и Маврово“, проект кој има за цел промоција на спортското качување и активниот туризам во државата, со поставување на ознаки и патокази за полесно пристигнување до локациите, како и нивно дополнително маркирање.

3. Проект „Уредување на туристички локалитети (природна реткост), Иственички Кукуље и Попова Шапка “, со цел уредување и промоција на оваа природните реткости во Република Северна Македонија. Проектот ги опфаќа следните активности: поставување на летниковци, маси и клупи на овие туристички атракции.

4. Втора фаза од проектот „Означување на старите чаршии во Прилеп, Битола, Струга и старото јадро во Охрид“. Со овој проект ќе се означат со туристички патокази и знаци старите чаршии и делови од градовите, од туристички аспект и ќе можат да се прочитаат информации за некои позначајни настани и податоци за одредени објекти во истите.

5. Проект „10 планински врвови“ - Кораб – Голем Кораб, Шар Планина – Титов Врв, Шар Планина – Љуботен, Стогово – Бабин Срт, Баба – Пелистер, Ниџе – Кајмакчалан, Јакупица – Солунска Глава, Осогово – Царев Врв, Плачковица – Лисец, Беласица - Тромеѓа, проект кој има за цел промоција на авантуристичкиот туризам на овие најпознати врвови во Република Северна Македонија, и тоа со означување на постоечките пешачки патеки до нив, поставување на атракции на врвовите на овие десет планински масиви во државата.

6. Проект „Поставување на насоки за спортско качување за туристичката атракција Бислимска клисура“, со цел развој на рекреативен спортски туризам, преку уредување на нови и санација на постоечки тренинг локации за качување на карпа на оваа природна атракција.

7. Редизајн на гастрономскиот водич „Вкусовите на Македонија“, со цел дополнување и промена на водичот во насока на збогатување на содржините, како и печатење на нови примероци од истиот.

8. Проект „Изработка на Археолошки водич“, во соработка со институциите за култура и култрно наследство, ќе се изработи убав и содржаен водич за археологијата во државата, наменет за странската и домашната јавност и тоа на неколку светски јазици, со цел збогатување на културната и туристичката понуда.

9. Проект „Тумба Маџари“. Со реализација на проектот обележување на „Археолошкиот локалитет ТУМБА МАЏАРИ” своевидно ќе се придонесе до забрзан развој на културниот туризам, за кој потенцијалите во државата се навистина значајни. Ќе се надмине проблемот со необележаноста на овој значаен археолошки локалитет од светски рамки и ќе се зголеми посетеноста на странските и домашни туристи кои ќе имаат можност да посетат еден значаен локалитет кој го опишува животот на луѓето пред 8.000 години.

10. Проект за збогатување на туристичката понуда на езеро Козјак. Во соработка со локалната самоуправа од општина Желино, ќе се изработат видиковци и одморалишта на овој значаен нов туристички потенцијал, и ќе се означат со информативни табли туристичките потенцијали со цел промоција на туризмот и езерото во домашната и светската јавност.

11. Изработка на водич за спортско качување, со цел дополнување и промена на водичот во насока на збогатување на содржините, како и печатење на нови примероци од истиот.

12. Формирање на авто кампови и нивна промоција - зголемување на туристичката понуда, развој на автокамперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови.

13. Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони.

14. Аплицирање на европски фондови, фондови од донаторски организации, национални програми и друго.

15. Доспеани ненамирени обврски од претходните години, како и ненавремено реализирани проекти кои бараат подолг временски рок на набавка и извршени услуги.

в) Финансиски средства кои се наменуваат за функционирање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (кирии, комунални услуги, поправка и одржување, материјали и ситен инвентар, опрема и машини, обуки, купување мебел, правни и сметководствени услуги и друго).

се наменуваат 11.840.000,00 денари.

Член 3

За субвенционирање на странскиот организиран туристички промет се наменети вкупно 80.000.000,00 денари, дел од буџетска сметка 637 во износ од 20.000.000,00 а остатокот на средствата во висина од 60.000.000,00 денари се обезбедуваат од сметка 631 од игри на среќа.

Член 4

Средствата во висина од 2.214.000,00 денари од сметка 787, од кои 1.000.000.00 денари се наменуваат за организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонскиот туризам во странство, како и организација на презентации и настани во Република Северена Македонија, а 1.214.000,00 денари за купување на возила.

Член 5

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Член 6

Распределбата на средствата од оваа програма, согласно дефинираните активности и проекти од оваа програма, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ја врши според критериумите за рамномерен регионален развој.

Член 7

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија, како и постигнатите резултати со образложение за евентуални отстапувања од планираните активности заклучно со 31 јуни 2021 година.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-10034/1 | Претседател на Владата |
| 28 декември 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**4460.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) и член 41 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе